Ноември 2010

Зајакнување на улогата на РИА[1] во процесот на креирање на политики во Македонија

[1] РИА е кратенката на целосниот назив Regulatory Impact Assessment (Проценка на влијание на регулатива)

Благодарност

Извештајот “Зајакнување на улогата на РИА во процесот на креирање и донесување на политики во Македонија” е дел од ТРАИН програмата, финансирана од Германскиот совет за надворешни работи (ДГАП) и е изработен од страна на истражувачите на Аналитика, Агим Селами и Соња Ристеска, под менторство на г-дин Вели Креци. За изработката на овој извештај, посебен придонес дадоа и Неда Малевска, Наталија Шикова, Марјана Јовановска, Маја Симоновска, Јадранка Иванова, Мирсат Есати, Теута Незири, и Александар Поповски.

Содржина

1. Вовед.....3
2. РИА во Македонија.....5
   2.1 РИА низ позначајни документи.....6
   2.2 Видови на РИА.....9
   2.3 Процесот на консултации.....10
3. Досегашни достигнувања и понатамошни предизвици.....11
   3.1 Поважни достигнувања.....11
   3.2 Понатамошни предизвици.....12
4. Конкретни препораки и заклучоци.....14
5. Библиографија.....15

1. Вовед

Целта на овој извештај е да ги третира поважните аспекти од процесот на воведување и спроведување на РИА во Македонија; да се изврши детална анализа на целокупниот процес; и базирано на направената анализа, да се утврди остварениот напредок и позначајните предизвици со кои се соочува успешното спроведување на овој процес, пропратено со конкретни препораки за елиминирање на недостатоците. Извештајот се базира на комбинација на интервјуа со клучни чинители во РИА процесот, истражување, и компаративна анализа со други земји.

Во денешно време, владите од различни земји од светот се соочуваат со тренд на зголемен раст на политики, закони, и прописи. Овој тренд е несомнено поизразен во земјите со нови и неконсолидирани демократии, каде покрај проблемот со обемот на постоечката регулатива, се појавува и прашањето за нивниот квалитет, синхронизираноста со тековните околности во општеството, и ефектите кои тие ги произведуваат.

Носењето нова регулатива, или анализирањето на постоечката, треба да има една единствена појдовна точка: ефикасно решавање на проблемите од одредена сфера како за директно инволвираните страни, така и за општеството како целина. За остварување на оваа цел, потребно е да се изврши опсежна и детална анализа вклучувајќи ги внатрешните и надворешните околности на проблемот што се третира, да се изнајдат регулаторни или нерегулаторни решенија, да се направи анализа на засегнатите страни и најважното, да се определи на најповолно решение од аспект на економските оправдување за решениеот. Одговорите на овие прашања најпрецизно се добиваат преку изготвување на документ за Проценка на влијание на регулатива (понатаму: РИА), попознат како Regulatory Impact Assessment (RIA).

РИА-та претставува инструмент кој што носителите на одлуки го користат за предвидување и проценка на очекуваните можните влијанија на постоечката или предложената регулатива врз различни аспекти на општеството: политичките, социјо-културните, економските и тие од животна средина. Следна важна дефиниција за РИА-та е дека тоа претставува регулаторна систематска активност која не смее да се смета како замена за процесот на креирање и донесување политики. Напротив, тој треба да биде составен дел на тој процес, и како помошна

алатка да допринесе позитивно во анализата и дебатата при донесување на новите политики. [2]

Процесот на изготвување РИА се базира на ставање во функција на принципите на ОЕЦД за поефикасна и поквалитетна регулатива: дефинирање на проблемот, идентификување на трошоците, утврдување на придобивките кои произлегуваат од регулативата, дистрибуција на ефектите од новата регулатива, конзистентноста и сеопфатноста на регулативата, можноста за вклучување на засегнатите страни во консултациите, и утврдување на начинот на имплементација на регулативата.[3]

Важен податок за РИА-та е дека бројот на земји што ја усвојуваат РИА-та е во постојан раст, и ниедна од земјите што веќе почнале да изготвуваат РИА не се одлучила да го изземе од процесот на креирање политики. Што се однесува до искуствата на секоја од земјите поединечно во врска со развојот на РИА, важно е да се напомене дека секоја од земјите претставува "приказна за себе". Тоа главно се должи на фактот што досегот, обликот, содржината и улогата на РИА варира во зависност од процесите на креирање на политики на секоја земја посебно. Токму затоа, ОЕЦД во последните години прави напори во насока на стандардизација на целиот процес на РИА.

Слабата политичка волја од страна на владите за интегрирање на РИА во процесот на креирање политики е мошне истакнат проблем. И кога се одлучуваат да го направат тоа, целта повеќе лежи во нивното легитимирање во меѓународен контекст, отколку поради имањето јасна слика од придобивките и можностите кои произлегуваат од процесот на РИА.[4]

Главен носител на овој процес скоро во секоја од земјите каде што се изготвува РИА се јавува владата заедно со секое министерство одделно. Сепак, иако вршењето контрола на РИА од страна на Собранието не е редовна пракса скоро во никоја од земјите каде што е воведена, во некои многу развиени земји како што се

[2] Regulating Better: A Government White Paper setting out six principles of Better Regulation. January 2004. Достапен на: http://www.betterregulation.ie/eng/Government_White_Paper_'Regulating_Better'/RegulatingBetterGovernmentWhitePaper1.pdf. Последно отворен на 02 Ноември, 2010.

[3]The 1995 OECD Checklist for Regulatory Quality. Достапен на: http://www.oecd.org/officialdocuments/displaydocument/?doclanguage=en&cote=OCDE/GD(95)95, последно отворен на 03 Ноември, 2010.

[4] Katarina Staronova, Jan Pavel and Katarina Krapez 2007. *Piloting regulatory impact assessment: a comparative analysis of the Czech Republic, Slovakia and Slovenia.* Достапен на: <http://docserver.ingentaconnect.com/deliver/connect/beech/14615517/v25n4/s3.pdf?expires=1287494698&id=59202844&titleid=896&accname=Guest+User&checksum=F040D819503696D0E3873A8E210ECBC3> последно отворена на 19 Октомври 2010.

САД и Италија, собранието преку вршење увид во изготвената РИА, го утврдува квалитетот на предложеното законско решение. Притоа, се наведува дека зајакнувањето на капацитетите за изготвување РИА од страна на собранието е од исклучителна важност за земјите во кои висок процент на предложена легислатива потекнува од собранието.

2. РИА во Македонија

Споредено со земјите на ОЕЦД, Македонија не изостанува драстично во воведувањето на РИА. Регулаторната инфлација, неефикасноста на регулативите, континуираните препораки од меѓународните организации, како и добрата политичка волја од страна на властите за воведување на РИА, се главните фактори за иницирање на овој процес.

Според Методологијата за проценка на влијанието на регулатива[5], главните придобивки од воведувањето на РИА во Македонија се: комплетност и длабочина на анализата за реалните влијанија од регулативата; и транспарентност и консултации како интерно (помеѓу министерствата) така и екстерно со останатите засегнати страни.

РИА во Македонија е дел од поширокаата регулаторна рефома, која што започна во 2006. Оваа реформа е се уште во процес и е поделена во две фази. Регулаторната гиљотина е првата фаза, додека РИА спаѓа под втора фаза. Поконкретно, РИА е дел од проектот Градење на Административниот Капацитет за ЕУ Интеграциите, поддржан од британскиот фонд СПФРЕ (Фонд за повторно обединување на Европа) и имплементиран во соработка со Владата. Заедно со Стратешкото Планирање спаѓа под компонентата Подобрување на законодавството и процедурите.

Методологијата за РИА налага процесот на изготвување РИА да се одвива во четири фази, и тоа:

1. Прва фаза ПЛАН: ги опфаќа активностите кои ги прави секое министерство во процесот на изготвување на годишен план за работа и изготвување на закони.
2. Втора фаза РЕАЛИЗАЦИЈА: ги опфаќа активностите кои ги прави секое министерство при изготвување на предлог законот, како што се: интерни меѓуминистерски консултации, екстерни конслутации со засегнатите страни,

[5] Методологијата за проценка на влијанието на регулатива, Службен весник на РМ, бр.66 од 28.05.2009.

и јавно објавување на сите релевантни информации поврзани со предлог законот во Единствениот електронски регистар на прописи (ЕНЕР)[6].

3. Трета фаза СЛЕДЕЊЕ: ги опфаќа активностите што се реализираат во Генералниот секретаријат во функција на координација и усогласување на предложените решенија во предлог закон и негово доставување за разгледување на седница на Владата.

4. Четврта фаза ПОДОБРУВАЊЕ: ги опфаќа активностите во надлежните министерства и Генералниот секретаријат за следење и анализа на ефектите од законите. Проценката на ефектите се прави во однапред дефиниран период, обично една година од денот на влегување во сила на законот, и во зависност од резултатите на проценката се пристапува кон процес на подготовка на изменување и дополнување на законот.[7]

Приложувањето РИА заедно со предложениот закон стана обврзувачки почнувајќи од 1ви Јануари 2009 година. Осврнувајќи се на досегашниот развој на овој процес, проценките се најразлични. Тоа што е евидентно е дека РИА обрасците[8] се приложуваат со секој доставен предлог-закон, меѓутоа се разликуваат во квалитетот на изготвување. Поквалитетни и подетални РИА се изготвуваат во министерствата чии тимови добиле техничка поддршка од надворешни донатори за зајакнување на капацитетите на истите. *(Слика бр. 1)*[9]

[6] www.ener.gov.mk

[7] Методологијата за проценка на влијанието на регулатива, Службен весник на РМ, бр.66 од 28.05.2009

[8] Образец 1: План за спроведување РИА; Образец 2: Иницијална РИА; Образец 3: Комплетна РИА

[9] Изјава од иницијална проценка на влијание на регулатива за Предлог закон за управување со пакување и отпад од пакување. Достапна на: http://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view&itemid=2376, последно отворена на 20 Октомври, 2010.

Слика бр. 1

1.	Нема влијание	врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари.
2.	Има влијание	врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија.
3.	Има влијание	врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар.
4.	Има влијание	врз економијата и врз обемот на државна помош.
5.	Има влијание	врз животната средина.
6.	Нема влијание	врз социјалната положба на граѓаните.

7.	Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни. Датум на објавување: Јуни 2008 на интернет страната на МЖСПП Вклучени организации и претставници: Стопанска комора на Македонија, Здружение на преработувачи на отпад ПЕТРА, Здружението на комунални претпријатија Свое мислење дадоа следниве организации: Министерството за економија, Министерството за финансии, ЗЕЛС, Стопанска Комора на Република Македонија	ДА
8.	Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид.	ДА
9.	Предлог законот е лекториран.	ДА
10.	Спроведени се меѓуресорски консултации.	ДА
11.	Дали предлог законот предвидува управна постапка?	ДА
12.	Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да	ДА

Главни идентификувани проблеми и предизвици во успешното спроведување на целиот процес на РИА се недостигот од добро-обучен кадар за изготвување РИА по ресорните министерства, и несуштинско и недоволно разбирање за значењето и придобивките кои произлегуваат од РИА од страна на владините институции, што е несомнено резултат на кратката и скромна традиција од изготвување на РИА.

Дополнителен проблем се јавува во процесот на изготвување (пишување) на законите по министерствата. Во некои случаеви, иако законот се носи со редовна постапка, времето кое им се дава на располагање на министерствата е скоро исто со тоа од донесување закон по итна постапка. Проблемот е несомнено поизразен во случаеви на изменувања и дополнувања на закони. Со ова предлагачот на законот не му се дава доволно време за да изготви високо-квалитетна РИА, давајќи и на оваа алатка само техничко и формално значење.

Методологијата одредува во секое министерство да се формира тим за координација на РИА, составен од двајца државни службеници, кои се координирани од Државниот секретар.

За разлика од земјите со долга традиција на изготвување РИА каде што РИА се изготвува за политики, проекти, законски и подзаконски акти, за нова и

постоечка регулатива, ex-ante и ex-post, во Македонија обврската да се приложи РИА важи само за закони кои се носат по редовна постапка.

2.1 РИА низ позначајни документи

Како што беше наведено погоре, РИА веќе слободно може да се смета како интегрирана компонента во целиот процес на подготвување на политики и законодавни предлози. Ова сепак се должи на усвојувањето на неколку клучни документи поврзани со РИА, со што всушност се формализираше јасната определба на владата за интегрирање на РИА во процесот на креирање и донесување политики. *(Табела бр. I)*

Целиот процес на воведување на РИА и нејзино понатамошно спроведување се регулира со следните документи:

- Методологија за проценка на влијанието на регулатива;
- Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на владата на Република Македонија;
- Стратешки план на Генералниот секретаријат на Владата на РМ за 2007-2009;
- Одлука за формата и содржината на обрасците за проценка на влијание на регулатива.[10]

Покрај горе-наведените документи, важноста на РИА дополнително се истакнува преку нејзино третирање во следните документи:

- Годишните прогрес извештаи на Европската комисија за Македонија;
- Стратегијата за реформа на јавната администрација (2010-2015);
- Прирачникот за креирање политики.

Табела I. Правна рамка за РИА во Словачка, Словенија, Чешка[11], и Македонија[12]

[10] Одлука за формата и содржината на обрасците за проценка на влијание на регулатива, Службен весник на РМ, бр.66 од 28.05.2009

	Словачка	Словенија	Чешка	Македонија
Експлицитна политика усвоена од страна на владата што промовира регулаторна реформа	Подобра регулатива и Акциска програма за намалување на административниот товар врз бизнисите во Словачка, усвоена со Владина резолуција бр. 833, на 3.10.2007.	Стратегија за развој на Словенија, Јуни 2005 (мерка 37: Проценка на влијание на регулатива) Програма за намалување на административен товар, 2005	Национална програма за реформа, 2005 Акциски план за намалување на административен товар врз бизниси, 2005	Стратешки план на Генералниот секретаријат на Владата на РМ за 2007-2009
Институција одговорна за регулаторна реформа	Министерство за економија	Министерство за економија; Министерство за јавна администрација	Министерство за внатрешни работи	Генерален секретаријат на Влада на РМ Секое министерство поединечно
Документи усвоени од страна на владата за регулирање на РИА	**Владини одлуки** -владина одлука 241/1997(РИА усвоена со амандманот од 2001) -упатства за подготовка и поднесување на Материалот за седници на влада на Словачка Република (бр. 512/2001) **Закони** -Закон за проценка на влијание врз животна средина од 1994 (заменет со Закон за стратешка проценка на влијание врз животна средина од	**Владини одлуки** - Програма со мерки за намалување на административен товар (ноември 2005) -Методологија за имплементација и надзор врз Декларација за намалување на административен товар и учество на заинтересирани страни (октомври 2005)	**Владини одлуки** - Правни прописи на владата (бр 188/1998) -Одлука за спроведување РИА, (бр. 420/2005) -Одлука за реформа на централната јавна администрација (бр. 237/2004) **Закони** -Закон за анализа на влијанието врз животна средина (бр.100/2001)	**Владини одлуки** -Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија; -Методологија за проценка на влијанието на регулатива; -Одлука за формата и содржината на обрасците за проценка на влијание на регулатива

[11] Katarina Staronova, Jan Pavel and Katarina Krapez 2007. *Piloting regulatory impact assessment: a comparative analysis of the Czech Republic, Slovakia and Slovenia.* Достапна на: <http://docserver.ingentaconnect.com/deliver/connect/beech/14615517/v25n4/s3.pdf?expires=1287494698&id=59202844&titleid=896&accname=Guest+User&checksum=F040D819503696D0E3873A8E210ECBC3>Последно отворена на 19 Октомври 2010.

[12] Компилација на авторите

	2006)			
Упатства (прирачници) за РИА	-Упатства за подготовка и поднесување на Материалот за седници на влада на Словачка Република (бр. 512/2001) -Методологија за подготовка на материали за владини седници -Нема прирачници	-Упатства за изготвување на Материал за проценка на влијание на регулатива - Нема прирачници	-Упатства за РИА, документ подготвен од Владата, Март 2005; надграден во Јуни 2007 -Нема прирачници	-Прирачник за проценка на влијание на регулатива
Консултации	- Правни прописи на владата (можноста за доставување коментари отворена од 2001 година) -Закон за слободен пристап до информации (процес на консултации)	-Деловник за работа на владата на Словенија (Април 2006) -Методологија за имплементација и надзор врз Декларација за намалување на административен товар и учество на заинтересирани страни (октомври 2005)	-Датабаза на организации за консултации, подготвена од Владата, 2006. -Детална методологија за консултации, усвоена во Мај 2007	-Закон за слободен пристап до информации -ЕНЕР
Координација и контрола на квалитет (во влада или министерство)	Законодавен совет на Влада, неспецифицирано само за РИА	Министерство за економија; Министерство за јавна администрација	До 2006, посебна единица под Влада, сега нејасно	Генерален секретаријат на Влада
Одговорна инсиуција за приложување РИА заедно со предлог-законот	Министерството кое го предлага законот	Министерството кое го предлага законот	Министерството кое го предлага законот	Министерството кое го предлага законот
Аспекти опфатени со РИА	Фискални, вработеност, животна средина, економски	Нема специфицирани аспекти, делумно фискални	Иницијална – Детална РИА	Економски, социјални, фискални, животна средина

2.2 Видови на РИА

Одговорното министерство кое предлага нов закон, одлуката дали ќе спроведе **иницијална** или **комплетна** РИА ја донесува во зависност од длабочината на потребната анализа пред донесувањето на одредена политика. Во одредени случаеви, Генералниот секретаријат, истотака, по утврдување на комплексноста на законот, дава препорака за директно преминување во изготвување на комплетна РИА. Постапките за спроведување на двете видови на РИА се идентични. Единствена разлика постои во деталноста на анализата, ангажираните ресурси, долготрајноста на проценката и утврдување на начинот на проверка на преферирана опција.[13] Сепак, за да се спроведе комплетна РИА, потребно е да се земаат предвид следните критериуми:

- Дали предлог законот може да предизвика значајни економски и социјални влијанија, како и влијанија врз животната средина за еден или повеќе сектори што резултираат од спроведувањето на комплексни реформи;
- Дали предлог законот бара финансиски средства за негово спроведување над 600 (шестотини) милиони денари.[14]

2.3 Процесот на консултации

Активно вклучување на што поголем број на заинтересирани страни во процесот на креирање политики е субстанцијален елемент на РИА-та. Преку одржување консултации, предлагачот на политиките отвара поширок хоризонт за прибирање на информации и податоци значајни за процесот на креирање на одредена политика, а кои самостојно не е во состојба да ги собира и анализира. Во упатствата за РИА приложени во повеќе ОЕЦД извештаи, консултациите се сметаат како елемент од суштинско значење, при што се наведува дека јавноста треба да се вклучи во консултациите перманентно и тоа почнувајќи од најраната фаза од процесот на креирање и донесување политики.[15]

Во Македонија, предвидени се два вида на консултации: интерни консултации (помеѓу министерствата) и екстерни консултации (со сите засегнати страни) и

[13] Методологијата за проценка на влијанието на регулатива, Службен весник на РМ, бр.66 од 28.05.2009

[14] Методологијата за проценка на влијанието на регулатива, Службен весник на РМ, бр.66 од 28.05.2009

[15] Pedro Andres Amo, Sophie Richter-Devroe & Delia Rodrigo 2007. "*Policy Brief on Tools to Initiate RIA"* Достапна на: www.**oecd**.org/data**oecd**/44/26/38404544.pdf, последно отворен на 20 Октомври, 2010

истите се задолжително да се спроведуваат без разлика дали се работи за иницијална или комплетна РИА.

Базирајќи се на тврдењата на претставници од Генералниот секретаријат, кои се надлежни за мониторирање и координација на РИА процесот, консултациите досега се одвиваат континуирано, но постои простор за унапредување на овој процес. Слабиот интерес на инволвираните страни и воопшто граѓаните за активно учество во процесот на консултации е еден од најистакнатите предизвици. И покрај можноста да се коментира на приложените прописи, достапни он-лајн на ЕНЕР, интересот на граѓаните за давање коментари и сугестии е сеуште на исклучително ниско ниво.

Ова сепак веројатно се должи и на нецелосната функсионалност на ЕНЕР, кој веќе подолго време, главно поради технички причини, ги оневозможува засегнатите страни да се регистрираат и да достават коментари. *...Дневник неколкупати во изминатите денови се обиде да се регистрира на ЕНЕР како предуслов за коментирање на некој од законските проекти, но одговорот што постојано го добивавме беше: „Вашиот профил на веб-страницата на ЕНЕР во моментов не е одобрен за користење“.* [16] Истото искуство го дели и Аналитика, кое веќе подолго време прави напори за регистрирање во овој регистар. Меѓутоа, иако регистрацијата се оценува како успешна, линкот за активизација на членството се доставува со повеќе од едно-неделно доцнење.

Горе-наведените забелешки се во иста линија со забелешките приложени во овогодинешниот извештај на Европската комисија за Македонија. Во извештајот се наведува дека иако упатствата за РИА се усвоени и државните службеници инволвирани во изготвување закони добиле соодветна обука како да ги спроведуваат истите, некои министерства сеуште не одржуваат широки консултации со засегнати страни и не изготвуваат систематска анализа за предложените закони.[17]

[16] ЕНЕР – Изгасен фенер http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=D5E874F05DCE7D4AAA246584343DB75B. Последно отворен на 25 Октомври, 2010.

[17] Прогрес извештај на Европската комисија за Македонија (2010). Достапен на: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2010/package/mk_rapport_2010_en.pdf. Последно отворен на 10 Ноември, 2010.

3. Досегашни достигнувања и понатамошни предизвици

Пред да се наведат конкретните достигнувања и понатамошните предизвици за досегашниот развој на РИА во Македонија, важно е да се напомене дека овој проект сеуште се смета како ново-започнат, со што поопсежна анализа на целиот процес може да се очекува по заокружување на трите фази на РИА:

- Прва фаза: изградба на капацитетите на администрацијата за изготвување РИА за предложените закони;
- Втора фаза: воведување РИА за подзаконски акти и други проекти;
- Трета фаза: умрежување на РИА со Собранието на Република Македонија.

Во моментов, сеуште се одвива првата фаза од РИА т.е. изградба на капацитетите на администрацијата за изготвување РИА за предложени закони, затоа податоците изнесени подолу се однесуваат исклучиво за оваа фаза.

3.1 Поважни достигнувања

Покрај самото воведување и интегрирање на РИА во процесот на креирање и донесување политики , кое е несомнено се смета како своевиден успех, досегашниот тек на случувања во процесот на РИА е карактеризиран со низа комплементарни успеси, каде се издвојуваат:

- ✓ Интегрирање на РИА во процесот на креирање и донесување политики;
- ✓ Воведување високо-квалитетна правна рамка за спроведување на РИА која овозможува изготвување на квалитетна РИА;
- ✓ Изградба на капацитетите на администрацијата за изготвување РИА за предложени закони;
- ✓ Креирање и ставање во функција на веб порталот ЕНЕР за информирање на засегнатите страни и граѓаните за сите предложени прописи и можност за давање коментари и сугестии;
- ✓ Изготвување на исклучиво квалитетен Прирачник за РИА со поддршка на Британската Амбасада;

3.2 Понатамошни предизвици

Досегашниот остварен напредок во однос на РИА сепак е сеуште недоволен за целата слика се прикаже како идеална. Самата анализа направена во извештајот и мислењата добиени од клучни чинители за РИА покажуваат дека покрај остварениот напредок, патот за воспоставување солиден модус на спроведување на РИА во Македонија е релативно долг и полн со предизвици, меѓу кои се издвојуваат:

- Зајакнување на спроведувањето на правната рамка за РИА со што би се подобрил квалитетот на изготвување РИА;
- Навремено објавување на сите прописи предложени од страна на министерствата на ЕНЕР и на нивните веб страни;
- Градење на нови датабази на општи податоци. Постојните податоците од Завод за статистика се недоволни за изготвување квалитетна РИА, што честопати се јавува како една од причините кои водат до пополнување на РИА обрасците со единствен одговор "нема влијание"; (*Слика бр. 2*)

Слика бр. 2[18]

1.	Нема влијание	врз Буџетот на Република Македонија
2	Нема влијание	врз усогласеност со законодавство на Европска Унија
3	Нема влијание	врз постапките или работењето на јавната администрација/врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странските од јавната администрација со дополнителен административен товар.
4.	Нема влијание	врз економијата и врз обемот на државната помош
5	Нема влијание	врз животната средина
6.	Нема влијание	Врз социјалната положба на граѓаните
7.	Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни Датум на објавување: Вклучени организации и претставници: Свое мислење дадоа следниве организации:	НЕ
8.	Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид	
9.	Предлог законот е лекториран	НЕ
10.	Спроведени се меѓуресорски консултации	ДА
11.	Дали предлог законот предвидува управна постапка?	НЕ
12.	Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото „молчењето значи одобрување".	

[18] Изјава од иницијална проценка на влијание за Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност. Достапна на: http://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view&itemid=4147, последно отворена на 20 Октомври, 2010.

- Проактивност и само-иницијатива од страна на бизнис заедницата и други засегнати страни за вклучување во консултациите.
- Прекинување на праксата на носење на закони по редовна постапка во експресно време.
- Продолжување на воспоставената пракса на одржување обуки за администрацијата;
- Итно подобрување на функционалноста на ЕНЕР со што на засегнатите страни и на граѓаните ќе им се овозможи активно учество во процесот на креирање и донесување политики;
- Објавување на образложенија на прифатени/неприфатени коментари доставени од страна на засегнатите страни и граѓаните на ЕНЕР, со што ќе се докаже дека овозможувањето на учество на граѓаните во процесот на креирање и донесување политики не е само формалност, туку вредност што придонесува за поквалитетна регулатива;
- Промоција на алатката РИА преку медиумите за да се запознае поширокатa јавност со улогата и значењето на РИА и да се подигне интересот на граѓаните за земање активно учество во креирање на политиките;
- Преминување што поскоро во следната фаза на РИА: воведување РИА за подзаконски акти и други проекти;
- Умрежување на РИА со Собранието на Република Македонија, со што преку вршење увид во изготвената РИА, собранието ќе го утврдува квалитетот на предложеното законско решение.
- Вклучување на невладиниот сектор помасовно во целиот процес на изготвување на закони, преку консултирање на анализи и извештаи изработени од нивна страна а кои се поврзани со предложеното законско решение.

4. Библиографија

1. Методологијата за проценка на влијанието на регулатива, Службен весник на РМ, бр.66 од 28.05.2009
2. Стратешки план на Генералниот секретаријат на Владата на РМ за 2007-2009
3. Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на владата на Република Македонија;
4. Одлука за формата и содржината на обрасците за проценка на влијание на регулатива;
5. Стратегија за реформа на јавната администрација (2010-2015);
6. Прирачник за креирање политики.
7. Прирачник за проценка на влијание на регулатива, Скопје, 2009;
8. Прогрес извештај на Европската комисија за Македонија (2010). http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2010/package/mk_rapport_2010_en.pdf
9. The 1995 OECD Checklist for Regulatory Quality, http://www.oecd.org/officialdocuments/displaydocument/?doclanguage=en&cote=OCDE/GD(95)95
10. Regulating Better: A Government White Paper setting out six principles of Better Regulation. January 2004. http://www.betterregulation.ie/eng/Government_White_Paper_'Regulating_Better'/RegulatingBetterGovernmentWhitePaper1.pdf
11. Katarina Staronova, Jan Pavel and Katarina Krapez 2007. "*Piloting regulatory impact assessment: a comparative analysis of the Czech Republic, Slovakia and Slovenia."*
12. Pedro Andres Amo, Sophie Richter-Devroe & Delia Rodrigo 2007. "*Policy Brief on Tools to Initiate RIA"*
13. ЕНЕР – Изгасен фенер http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=D5E874F05DCE7D4AAA246584343DB75B
14. Auke Haagsma, European Commission, Internal Market DG 2001. "Acceptable Law-Making Standards in the European Union their Regulatory Assessment"

15. Sue Holmes, Regulatory Management and Reform Public Management Service OECD, 2001. “The best practices on Regulatory Impact Analysis in OECD countries: Some options for RIA”

16. Claudio M. Radaelli and Fabrizio De Francesco, University of Exeter, 2008. “The Oxford Handbook on Regulation, Chapter 15 - Regulatory Impact Assessment.”

17. Н. Малевска, лично интервју, 19ти Октомври, 2010;

18. Н. Шикова, лично интервју, 19ти Октомври, 2010;

19. М. Јовановска, лично интервју, 29ти Октомври, 2010;

20. М. Симоновска, лично интервју, 29ти Октомври, 2010;

21. Ј. Иванова, лично интервју, 8ми Ноември, 2010;

22. М. Есати, лично интервју, 8ми Ноември, 2010;

23. А. Поповски, лично интервју, 10ти Ноември, 2010;

24. www.ener.gov.mk

POLICY BRIEF

Програма за Јавни политики и администрација

"Зајакнување на улогата на РИА во процесот на креирање на политики во Македонија"

Agim Selami, *Истражувач на програмата*
aselami@analyticamk.org

Contact

Adress:
Dame Gruev
No: 7-8/3
1000 Skopje, Macedonia
Tel: 00389 (0)2 3121 948
Fax: 00389 (0)2 3121 948

E-mail: info@analyticamk.org